**20252584986**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 39 став (1) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25, 132/25 и 250/25), министерот за образование и наука, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПРИЈАВУВАЊЕТО, ПОЛАГАЊЕТО, ПРИЛАГОДУВАЊЕТО ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ/И, ОРГАНИЗИРАЊЕТО НА ПОЛАГАЊЕТО И ОЦЕНУВАЊЕТО НА ИСПИТИТЕ ОД УЧИЛИШНАТА ГИМНАЗИСКА МАТУРА, УЧИЛИШНАТА СТРУЧНА МАТУРА И УЧИЛИШНАТА УМЕТНИЧКА МАТУРА

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на пријавувањето, полагањето, прилагодувањето за учениците со попреченост/и, организирањето на полагањето и оценувањето на испитите од училишната гимназиска матура, училишната стручна матура и училишната уметничка матура.

## II. ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИСПИТИ ОД УЧИЛИШНАТА ГИМНАЗИСКА МАТУРА, УЧИЛИШНАТА СТРУЧНА МАТУРА И УЧИЛИШНАТА УМЕТНИЧКА МАТУРА

### Член 2

За полагање на училишната гимназиска матура/училишната стручна матура/училишната уметничка матура, ученикот (во натамошниот текст: кандидатот), се пријавува со поднесување на пријава во училиштето каде што е запишан, најдоцна 60 дена пред почетокот на јунскиот испитен рок и најдоцна 30 дена пред почетокот на августовскиот испитен рок и испитниот рок што се спроведува за време на зимскиот распуст.

### Член 3

(1) Кандидатот кон пријавата од член 2 од овој правилник, приложува и свидетелства за завршена прва, втора, трета и четврта година на образованието како доказ за исполнување на условите за полагање на училишна гимназиска матура/училишната стручна матура/училишната уметничка матура, најдоцна три дена пред започнувањето на испитниот рок.

(2) Доказите од став (1) на овој член, не се однесуваат за полагање на проектната задача.

### Член 4

(1) Оправдани причини за ненавремено пријавување за полагање на училишната гимназиска матура/училишната стручна матура/училишната уметничка матура, може да бидат:

- кандидатот во тековната година се школувал во странство (доказ - нострифицирано свидетелство за завршена четврта година);
- во последните 30 дена од пријавувањето кандидатот бил болен (доказ - потврда од соодветна установа);
- пријавата била испратена по пошта и задоцнила или е изгубена (доказ - потврда за испратена препорачана пратка);
- заради дисциплинска мерка кандидатот е отстранет од училиштето каде навреме се пријавил (доказ - пријава доставена од училиштето од каде е отстранет или потврда дека се пријавил);
- други причини со соодветни докази за кои комисијата ќе утврди дека се оправдани.

(2) Ако кандидатот од оправдани причини од став (1) на овој член, не го пријавил навреме испитот, Училишната матурска комисија (во натамошниот текст: УМК), врз основа на писмени докази за оправданоста на причините од став (1) на овој член, може да му овозможи истиот да го пријави најдоцна три дена пред почетокот на испитниот рок.

(3) Кандидатот за причините од став (2) на овој член, треба да приложи писмен доказ до УМК.

Член 5

Кандидатот со статус на вонреден ученик се пријавува во училиште кое изведува наставен план и програми по кои претходно се образувал, согласно роковите за пријавување од член 2 од овој правилник.

## III. ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТИ НА УЧИЛИШНАТА ГИМНАЗИСКА МАТУРА, УЧИЛИШНАТА СТРУЧНА МАТУРА И УЧИЛИШНАТА УМЕТНИЧКА МАТУРА

Член 6

(1) Училишната гимназиска матура/училишната стручна матура/училишната уметничка матура се полага согласно Концепцијата за испитите на крајот од средното образование.

(2) Училишната гимназиска матура/училишната стручна матура/училишната уметничка матура се полага во три испитни рока: јунски, августовски и испитен рок што се спроведува за време на зимскиот распуст.

(3) Кандидатот кој за прв пат полага училишна гимназиска матура/училишна стручна матура/училишна уметничка матура, ја полага во целина во истиот испитен рок. Испитите од училишната гимназиска матура/училишната стручна матура/училишната уметничка матура кои кандидатот не ги положил, ги полага во наредниот испитен рок.

(4) Кандидатот со попреченост/и, може да полага дел од испитите во повеќе од еден испитен рок.

Член 7

Термините за полагање на училишната гимназиска матура/училишната стручна матура/училишната уметничка матура се објавуваат на училишната огласна табла најдоцна две седмици пред почетокот на полагањето.

Член 8

(1) Кандидатот во еден ден може да полага најмногу еден испит.

(2) Испитите од училишната гимназиска матура/училишната стручна матура/училишната уметничка матура може да се изведуваат и во сабота.

Член 9

(1) Оправдани причини за отсуство од испит, прекинување на испит или отсуство од училишната гимназиска матура/училишната стручна матура/училишната уметничка матура, се:

- болест или лекување;
- вонредни околности: природни несреќи, несреќен случај на кандидатот или член во потесното семејство (сообраќајна несреќа со тешки последици), влошување на здравствената состојба во текот на испитот и сл.
- други оправдани причини (меѓународни натпревари, јавни настапи во странство, конкурси и сл.)

(2) Ако кандидатот од оправдани причини од став (1) на овој член, не се јави на испит или го прекинал испитот, УМК врз основа на писмените докази може да му овозможи во истата сесија да го полага испитот.

(3) Кандидатот за причините од став (2) на овој член, треба да приложи писмен доказ до УМК.

Член 10

(1) Училишната предметна комисија (во натамошниот текст: УПК), подготвува по два испитни комплети за испитите од задолжителниот и од изборниот дел на училишната гимназиска матура/училишната стручна матура/училишната уметничка матура, врз основа на испитните програми по соодветните предмети.

(2) Претседателот на УПК испитните комплети ги доставува до претседателот на УМК најдоцна три дена пред започнувањето на испитот.

(3) Еден испитен комплет за интерниот испит се состои од тест, упатство за оценување и критериуми за претворање на бодовите во оценки.

(4) Претседателот на УМК се грижи за заштита на тајноста на испитниот материјал и за нивно множење во потребниот број на примероци.

(5) Испитниот материјал треба да биде спакуван за секој тестатор во соодветно запечатен плик.

(6) Еден час пред почетокот на испитот, претседателот на УМК го предава испитниот материјал на претседателот на соодветната УПК, а тој на тестаторите.

Член 11

Училишната гимназиска матура/училишната стручна матура/училишната уметничка матура кандидатот ја полага во училиштето во кое ја завршил последната година на образованието.

Член 12

(1) Кандидатот најдоцна еден месец пред почнувањето на испитниот рок за кој се пријавил се запознава со постапките за спроведување на испитите.

(2) Претседателот на УМК се грижи за правилно и навремено информирање на кандидатите.

Член 13

(1) Времетраењето на секој испит е утврдено со соодветната испитна програма.

(2) За текот на испитите се води записник.

Член 14

(1) УМК, за задолжителниот и изборниот дел од испитот, најдоцна една седмица пред испитот прави распоред на кандидатите по простории.

(2) Списоците за распоредот на кандидатите по простории, се објавуваат од УМК на училишната огласна табла или на друго видливо место достапно за кандидатите, еден ден пред испитот.

(3) Податоците за распоредот на кандидатите по простории до нивното објавување на огласна табла се чуваат во тајност.

(4) Кандидатите треба да бидат пред просторијата во која се полага испитот најмалку дваесет минути пред започнувањето на испитот.

(5) Кандидатот кој задоцнил на испит повеќе од 15 минути од почнувањето на испитот, не може да го полага испитот во тој испитен рок.

(6) Просториите во кои се полага испитот треба да бидат подготвени за полагање најмалку 12 часа пред започнувањето на испитот. Од просториите треба да бидат отстранети сите наставни средства и учебни помагала.

(7) За секој кандидат се обезбедува клупа и стол. Растојанието меѓу двајца кандидати не треба да биде помало од 1,5 метри. Сите клупи треба да бидат завртени во иста насока.

(8) УМК, најдоцна една седмица пред испитот прави распоред на тестаторите по простории и за секоја просторија во која има 15 кандидати одредува по еден тестатор. Доколку просториите се поголеми, се определува по еден тестатор за секои петнаесет кандидати.

(9) Просториите во кои се полага испитот треба да бидат доволно пространи, светли и прегледни. Училиштето треба да обезбеди дежурни лица за ходниците и сите други простории во училиштето.

(10) Кандидатот со себе треба да има документ за идентификација со фотографија.

(11) Кандидатите со себе треба да носат прибор за пишување (пенкало кое пишува сино) и други средства кои се предвидени со испитната програма за соодветниот предмет.

(12) Доколку кандидатите внесат во испитната просторија лични предмети, треба да ги остават на однапред определено место во просторијата.

Член 15

(1) Писмениот испит го спроведува тестатор согласно со одредбите на овој правилник.

(2) Тестаторите се определуваат од страна на претседателот на УМК, од редот на наставниците во училиштето.

(3) Тестаторот не може да биде наставник по предметот по кој се спроведува испитот.

Член 16

(1) Тестаторот го отвора запечатениот испитен материјал пред кандидатите.

(2) За време на испитот кандидатите треба да ги слушаат насоките на тестаторот, да работат самостојно и да не комуницираат меѓусебно. Секое отстапување од наведеното значи нарушување на испитниот ред.

(3) Освен кандидатите и тестаторите, на испитот може да присуствуваат и други лица кои имаат писмена дозвола од Државниот испитен центар.

(4) Лицата од став (3) на овој член, може да го следат целиот тек на испитот или дел од испитот.

(5) За време на испитот кандидатот може да ја напушти просторијата, но не повеќе од пет минути, заедно со еден од тестаторите дежурни во ходник. Просторијата не може да ја напушти повеќе од еден кандидат во исто време.

(6) Првите 30 минути од почетокот на испитот и последните 15 минути пред крајот на испитот кандидатот не може да ја напушти просторијата.

(7) Кандидатот по завршувањето на испитот го предава испитниот материјал на тестаторот и ја напушта просторијата.

(8) Испитот завршува точно во предвиденото време, согласно времетраењето на испитот.

(9) По завршувањето на испитот, тестаторот ги проверува, пакува и предава испитните материјали на претседателот на УМК, согласно добиените насоки.

(10) Тестаторот подготвува извештај за целиот тек на испитот и пополнува соодветни формулари.

Член 17

(1) Кандидатот кој ги нарушува правилата за полагање на испитот, може да биде опоменат или отстранет од испит.

(2) Опомена изрекува тестаторот или претседателот на УПК, така што го опоменува кандидатот и го запишува во записникот за полагање матурски испит.

(3) Ако кандидатот по двапати изречената опомена продолжува со нарушување на правилата за полагање на испити, тестаторот или претседателот на УПК, преку дежурниот тестатор во ходник го информира претседателот на УМК, кој го отстранува од испитот.

(4) Кандидатот кој согласно став (3) на овој член, ќе биде отстранет од испит, по тој дел од училишната гимназиска матура/училишната стручна матура/училишната уметничка матура, не се оценува.

(5) Кандидатот кој смета дека неоправдано е отстранет од испитот, може да поднесе приговор до УМК.

Член 18

(1) Темата за проектната задача кандидатот може да ја предложи сам или во консултација со наставникот ментор, согласно критериумите за оценување на проектната задача во испитната програма. Проектната задача кандидатот ја подготвува самостојно воден од наставник - ментор.

(2) Кандидатот самостојно го одбира менторот на проектната задача. Наставникот ментор може да има најмногу 30 кандидати за менторирање.

Член 19

(1) Кандидатот за проектна задача:

- најдоцна до крајот на ноември во учебната година во која полага училишна гимназиска матура/училишна стручна матура/училишна уметничка матура, избира тема за проектна задача;
- најдоцна до крајот на март во учебната година во која се полага училишната матура/училишната уметничка матура/училишната стручна матура, предава еден примерок од пишаниот дел и/или од изработениот продукт/творба од подготвената проектна задача до УМК, во хартиена форма и во електронска форма на менторот, кој потоа го доставува до останатите членови на комисијата за проектна задача.

(2) Училиштето предадениот примерок од проектната задача на кандидатот во хартиена форма го архивира.

Член 20

Презентацијата и одбраната на проектната задача, се врши пред соодветна комисија. За еден кандидат времетраењето на презентацијата и одбраната на проектната задача е најмногу дваесет минути.

Член 21

Во спроведувањето на училишната гимназиска матура/училишната стручна матура/училишната уметничка матура, учествуваат и тестатори.

## IV. ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА ГИМНАЗИСКА МАТУРА, УЧИЛИШНАТА СТРУЧНА МАТУРА И УЧИЛИШНАТА УМЕТНИЧКА МАТУРА ЗА КАНДИДАТИТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ/И

Член 22

(1) Од страна на УПК во консултација со Државниот испитен центар, се подготвува и осмислува начинот на прилагодување на деловите од училишната гимназиска матура/училишната стручна матура/училишната уметничка матура.

(2) Прилагодувањето на училишната гимназиска матура/училишната стручна матура/училишната уметничка матура за кандидатите со попреченост/и, треба да биде соодветно на нивното искуство стекнато во наставниот процес.

Член 23

(1) Испитот за кандидатите со попреченост/и, може да трае најмногу за 50% подолго од времето предвидено за испитот по соодветниот предмет.

(2) Од страна на УМК може да се предвиди и време за одмор на кандидатот (пауза).

(3) За кандидатите од ставовите (1) и (2) на овој член, се обезбедува посебна просторија. Ако испрашувачот е надворешен член, се обезбедува внатрешен член на комисија и тестатор на испитот. Од страна на тестаторот на испитот се обезбедува да не се нарушува испитниот ред.

Член 24

За кандидатите со попреченост/и, може да се извршат следните прилагодувања:
- ослободување за полагање од дел од испитниот материјал;
- техничко прилагодување на испитниот материјал;
- полагање со помошник;
- употреба на посебни помагала;
- наместо писмен, спроведување устен испит и обратно;
- прилагоден испит со употреба на Брајово писмо и/ или знаковен јазик;
- прилагодена подготовка на изготвување на проектната задача и нејзино оценување.

Член 25

Кандидатот со попреченост може да се ослободи од полагање дел од испитниот материјал за кој не е можно да се прилагоди.

Член 26

(1) За кандидатот со телесна попреченост или комбинирана попреченост, доколку е потребно, се обезбедува читач и запишувач на одговорите (помошник).

(2) Помошник на кандидатот од ставот (1) на овој член, не може да биде негов наставник или негов роднина.

(3) Помошник на кандидатот од ставот (1) на овој член, може да биде еден од членовите на испитната комисија.

Член 27

Кандидатот со попреченост/и, може да користи компјутер, при што не може да има пристап до било какви програми кои би му овозможиле полесно да го положи испитот. Една копија од одговорите на кандидатот се чува на уред за надворешна меморија, една копија се печати, а потоа претседателот на испитната комисија одговорите на кандидатот ги брише од компјутерот.

Член 28

Кандидатот со тешки пречки во говорот, може да се ослободи од усниот дел од испитот или истиот да го полага со асистистенција од интерпретатор.

Член 29

(1) Кандидатот со оштетен слух може да се ослободи од усниот дел од испитот или истиот да се спроведе со помош на интерпретатор на знаковен јазик.

(2) На кандидатот со оштетен вид треба да му се обезбеди во текот на испитот да користи видно писмо (слабовиди ученици) или Брајово писмо (слепи ученици).

Член 30

Презентацијата и одбраната на проектната задача, треба да се прилагодат така што кандидатот да може да ги покаже своите знаења и способности.

Член 31

(1) На кандидатот со попреченост/и, може да се прилагодува оценувањето соодветно на прилагодувањето на испитниот материјал.

(2) Заради поголема објективност, текот на испитот може соодветно да се евидентира и со дополнителен записник.

## V. ОЦЕНУВАЊЕ НА ИСПИТИ ОД УЧИЛИШНАТА ГИМНАЗИСКА МАТУРА, УЧИЛИШНАТА СТРУЧНА МАТУРА И УЧИЛИШНАТА УМЕТНИЧКА МАТУРА

Член 32

(1) Проверувањето и оценувањето на знаењата и способностите на кандидатите од задолжителниот и изборниот дел од училишната гимназиска матура/училишната стручна матура/училишната уметничка матура, се врши интерно од страна на соодветни училишни предметни комисии.

(2) Презентацијата и одбраната на проектната задача, се врши интерно пред соодветна училишна комисија за проектна задача.

Член 33

(1) Оценувањето на знаењата и способностите на кандидатите се врши со бодови кои потоа се претвораат во оценки од еден (1) до пет (5).

(2) Сите оценки се преодни, освен оценката еден (1).

Член 34

(1) Критериумите за претворање на бодовите во оценки за задолжителниот и изборниот дел од училишната гимназиска матура/училишната стручна матура/училишната уметничка матура, се подготвуваат од соодветните УПК пред спроведувањето на испитот. Со критериумите се определува минималниот број бодови за преодна оценка и распонот на бодови за секоја од преодните оценки од два (2) до пет (5).

(2) Минимумот за преодна оценка ги опфаќа најнеопходните знаења и способности коишто кандидатот треба да ги покаже на испитот (во натамошниот текст: прагот на положеност).

(3) Критериумите за претворање на бодовите во оценки за проектните задачи се подготвуваат од комисијата за проектна задача. Проектната задача се оценува од соодветната училишна комисија така што подготвителната фаза и фазата на изработка се оценува од наставникот-ментор, а фазата на презентација и одбрана од другите два члена на комисијата. Во оценката за проектната задача наставникот-ментор учествува со 50%, а останатите двајца членови со по 25%.

Член 35

Кандидатот ја положил училишната гимназиска матура/училишната стручна матура/училишната уметничка матура, ако по сите испити постигне резултат над прагот на положеност.

Член 36

(1) Резултатите од испитите на училишната гимназиска матура/училишната стручна матура/училишната уметничка матура, до нивното објавување се чуваат во тајност.

(2) Резултатите се објавуваат од страна на УМК најдоцна три дена по завршување на испитот по соодветниот предмет или по одбраната на проектната задача.

(3) Од страна на УМК се објавуваат резултатите од сите испити на училишната гимназиска матура/училишната стручна матура/училишната уметничка матура.

Член 37

(1) Кандидатот кој не ја положил училишната гимназиска матура/училишната стручна матура/училишната уметничка матура, се известува за постигнатиот успех по одделните делови од матурата.

(2) Испитите на кои кандидатот не добил преодна оценка ги полага во наредниот испитен рок, при што кон пријавата за полагање кандидатот доставува потврда за положените испити од претходниот испитен рок.

(3) Кандидатите кои на презентацијата и одбраната на проектната задача не добиле преодна оценка, може да полагаат повторно во истиот испитен рок.

Член 38

(1) Кандидатот, доколку смета дека е направена грешка во оценувањето на испитните задачи, во пресметувањето на бројот на бодовите или во изведувањето на оценката, може да поднесе приговор на оценката од испитот до УМК.

(2) Приговорот се доставува најдоцна три дена од денот на објавувањето за резултатот од испитот.

(3) Приговорот се разгледува од страна на УПК во присуство на еден член од УМК најдоцна три дена од доставувањето на приговорот.

(4) Ако комисијата од став (3) на овој член, констатира дека е направена грешка, во тој случај утврдува нова оценка за што го информира кандидатот.

Член 39

(1) Кандидатот кој успешно ја положил училишната гимназиска матура/училишната стручна матура/училишната уметничка матура и сака да го подобри успехот од еден или повеќе предмети, може во наредниот испитен рок повторно да полага и на истиот му се утврдува оценката што ја постигнал на повторното полагање.

(2) Полагањето за подобрување на резултатот кандидатот од ставот (1) на овој член, може да го користи само еднаш.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 40

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат Правилникот за начинот на полагањето и оценувањето на резултатите на учениците на испитите од училишна матура во гимназиското образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/10), Правилникот за начинот на полагањето и оценувањето на резултатите на учениците на испитите од завршниот испит во средното стручно образование со четиригодишно траење („Службен весник на Република Македонија” бр. 78/10) и Правилникот за начинот на полагањето и оценувањето на резултатите на учениците на испитите од училишна матура во средното уметничко образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/10).

Член 41

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-15872/1
17 декември 2025 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска,** с.р.